# „УМЕТНИКОТ ТВОРЕЦ — НО НЕ И САМОУПРАВУВАЧ"

Во вашиот весник бр. 8619 од 20 јануари 1971 година е објавено писмото од Работната заедница на МСУ.

Најљубезно Ве молам другар главен и одговорен уредник, да ги објавите следните мои забелешки.

Пред сè како што ми е познато од оригиналот, писмото на Работната заедница не е објавено во целост Испуштен е еден од најбитните делови на текстот, во кој се вели: „Не е точно дека Музејот е институција која своевремено ја основа групата ликовни уметници" На Вашиот ценет весник, кој внимателно ја следел работата на нашата установа, му е познато дека е таа дело на меѓународната акција на ликовните уметници. Подготовките за нејзиното основање ги вршеше Иницијативен одбор во кој, меѓу останатите, имаше голем број ликовни уметници од нашата земја, а не посредниот основач е Собранието на град Скопје".

Во Вашиот коментар на крајот се одбележува: „Со оглед на сево ова ќе беше далеку поадекватно ова писмо да биде испратено до управата на ДЛУМ, кога веќе директорот на МСУ, кој присуствуваше на Пленумот, не најде за потребно да земе учество во дискусијата" Меѓутоа јас на двапати зедов учество во дискусијата, приведувајќи ги, меѓу останатото, токму забелешките изнесени и од страна на Работната заедница на МСУ, што може најдобро да се провери од записникот воден на овој состанок. Бидејќи моето искажување не беше следено од Вашиот дописник, кој го напушти состанокот пред неговиот завршеток, Работната заедница на МСУ сметаше за свој долг пред јавноста, да го замоли Вашиот ценет весник да го објави нејзиното писмо.

**Борис Петковски**
директор на МСУ



23
НОВА МАКЕДОНИЈА стр. 6